

# Од Нарачка до Наплата во Nishitetsu Store во Јапонија

Во Април 2007, Ryutsu*[1] BMS (Business Message Standards) Стандардите за Бизнис Пораки, беа објавени и започна употребата на сетот на новите стандардизирани EDI пораки за јапонската малопродажна индустрија. За да се постигне поголема ефикасност и видливост на синџирот на снабдување, Ryutsu BMS беа развиени со заеднички напори на големите јапонски трговци на мало и големо, производителите, како и Министерството за Економија, Трговија и Индустрија на Јапонија и GS1 Јапонија. Ryutsu BMS ги дефинира бизнис процесите од нарачување до плаќање, структурата на пораките и AS2 и JX*[2] комуникациските протоколи, интегрален дел на Ryutsu BMS стандардите за бизнис комуникација кои сега се применуваат во повеќе од 150 компании.

Типично одвивање на бизнис процесите и Ryutsu BMS помеѓу Продавачите на мало и Добавувачите:




**Фактирирањето може да биде испуштено**
**→ Насока на текот на информациите**

## Позадина на развојот

Претходно, најширока примана во јапонската малопродажна индустрија имаше стандардот наречен JCA. Бидејќи со JCA се поставуваше комуникацискиот протокол, но не и форматот на бизнис пораките, форматите варираа од продавач до продавач и добавувачите беа приморани да развиваат и одржуваат онолку програми за формати на мапирање колку што имаат и трговски партнери. Комплексноста на управувањето со овие програми налагаше спроведување на итна стандардизација на форматите на пораките. Исто така развојот на порастот на моќта на интернет базираните производи и комуникациски решенија овозможија замена на JCA комуникацискиот протокол со побрзи и посигурни средства на комуникација во согласност со барањата и потребите на индустријата.



Претставници на двете организации на супермаркети во Јапонија - Организацијата на Синџири на Продавници и Асоцијацијата на Супермаркети се состанаа во Јуни 2005 на дискусија за развојот на новиот EDI стандард кој оптимално го засилува текот на бизнис информациите.

*1 : *Ryutsu is Japanese equivalent of supply and demand chain, typically consists of three groups: manufacturers, wholesalers and retailers.*

*2 : *A communication protocol for transmitting messages from a client terminal to a corresponding server on a TCP/IP network.*

## Nishitetsu : Елиминација на несоодветните фактури се

Nishitetsu Store поседува operates 39 прехрамбени супер маркети во областа Кјушу и остварува годишна продажба од околку 50 млрд. Јени (500 милиони САД $) Со отворањето на новиот дистрибутивен центар во Октомври 2007, компанијата го имплементираше Ryutsu BMS преку кој електронски ги разменуваат бизнис документите во вид на електронски пораки со повеќе од 100 добавувачи.



Бидејќи многу од добавувачите на Nishitetsu се Мали и Средни Претпријатија, како на пример мали семејни компании производители на Тофу, се организираа работни средби со цел објаснување на бенефитите од започнувањето на користењето на EDI. Некои од добавувачите немаа ниту основно познавање за EDI, нуту што е тоа стандардизација, некои изразија загриженост за прилагодување кон промените, додека некои од нив рече имаа помали или повеќе познавања и не беа воопшто изненадени од понудата за електронска размена на документите.

“Резултатите веднаш ни станаа очигледни”, изјави Јуичи Таканаши, Директор на Информатички Технологии на Nishitetsu, кој исто така додаде дека “EDI ги замени разните белешки со отпечатени електронски податоци, што ни овозможи намалување на администрирањето на големи количества документација на хартија и трошоците поврзани со хартијата. Всушност, ние моравме да се справуваме со 390.000 белешки пред воведувањето на Ryutsu BMS, кои се намалија на 140.000 по само 6 месеци.” Во Nishitetsu очекуваат уште поголемо намалување на белешките со зголемувањето на бројот на добавувачи кои ќе започнат со користење на Ryutsu BMS.

Такадаши ги охрабрува сите заинтересирани за модернизација на своето работење колку што е можно побрзо да започнат имплементација на EDI;
“Неморате да се грижите за иницијалните и тековните трошоци, резултатите ќе дојдат веднаш”

*Yuichi Takahashi, CIO, Nishitetsu Store.*

Воведувањето на Куповната Нарака, Испратницата, Приемницата, Повратницата, Фактурата и Пораките за Плаќањето овозможува брзо трагањае и следлицост на сите трансакции преку Идентификацискиот Број на Куповната Нарачка.

Одделот за Сметководство исто така има корист од EDI. Претходно, тие мораа да се справуваат и истражува просечно 100 побарувања месечно од добавувачи за наплата на неплатени побарувања генерирани поради грешки во документацијата. За помалку од една година, Nishitetsu можеше да ги елиминира овие истраги. Со сите трансакциски податоци достапни во системот, можеа веднаш да проверат, да ги споредат и спротистават податоците од Приемницата и Извршената Исплата со тие од доставените побарувања.



Вработените во нашиот оддел за сметководство беа пријатно изненадени од резултатите кои започнаа да пристигнуваат веднаш по започнувањето на користење на EDI", изјави Масао Мурозоно, претседател на Nishitetsu Store. "Нашите трговски партнери, исто така, имаат корист од точноста на системот. Клучот на успехот зависи од тоа дали ги користите пораките како цел сет и како контролен механизам".

"Стандардот станува стандард само кога се популаризира. Доколку повеќе компаниите започнат да го користат Ryutsu BMS, сѐвкупната ефикасност на синџирот на снабдување во голема мера ќе се подобри".

*Masao, Murozono, претседател на Nishitetsu Store.*

Благодарност до: GS1 Japan